Бр./Nr 12-1847/1
28-04-2026 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 31-та седница одржана на ден 22.04.2026 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Пријавата заведена под број 12-1928/1 од 09.07.2025 година, со наводи за сомневање за незаконито склучување на договор за јавна набавка помеѓу КЈП „-----------------“ ------------- и ДППУ „-----------------------“ ДООЕЛ од -------------, врз основа на јавен оглас објавен во 2020 година, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување во овој предмет, поради тоа што настапила застареност на постапката што подразбира истечен рок на застареност на евентуално сторени коруптивни дејствувања.

Предметот со број 12-1928/1 од 09.07.2025 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

На ден 09.07.2025 година, до ДКСК доставена е пријава по која е оформен предмет со број 12-1928/1, со наводи за сомневање за незаконито склучување на договор за јавна набавка на Лиценци за користење на софтвер - Дел 2 - Antivirus Kaspersky, помеѓу КЈП „-------------“ ------------- и ДППУ „---------------“ ДООЕЛ од ------------, објавен во 2020 година.
Договорот за горенаведената јавна набавка бил склучен на ден 05.08.2020 година и истиот бил заведен во КЈП ----------------- под архивски број ---------/--.

ДКСК ја разгледа пријавата со прилог документацијата и констатира дека во конкретниот случај станува збор за постапка за јавна набавка реализирана врз основа на јавен оглас со бр.---------- /2020 и во која договорот за јавна набавка кој е предмет на пријавата бил склучен на 05.08.2020 година, по што утврди дека од времето на преземените дејствија во постапката и од склучувањето на договорот за предметната јавна набавка помеѓу договорните страни до денес, е поминато период од 5 години, што подразбира дека настапила застареност на евентуално сторено коруптивно дејствие и е истечен рокот предвиден со закон за поведување на постапка пред надлежен орган, под основи на сомневање за сторени кривични дела од Кривичниот законик на Република Северна Македонија.

Имајќи го предвид констатираното, ДКСК утврди дека нема елементи за надлежно постапување во предметниот случај и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

Изготвил: м-р Ф.Ј., советник
Контреолирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П. раководител на сектор
Одобрил/Miratoi: B.Xh., член/anëtar